# РОДИТЕЛСТВО ВО ВРЕМЕ НА ЕПИДЕМИЈАТА СО КОВИД-19 (ДЕЛ 6)

## РАЗГОВОР ОКОЛУ КОВИД-19

**Бидете подготвени да разговарате со Вашите деца. Тие сигурно веќе слушнале нешто. Тишината и тајните не ги заштитуваат Вашите деца. Искреноста и отвореноста ги заштитуваат. Размислете околу тоа колку многу тие можат да разберат. Вие најдобро ги познавате.**

### 1. Бидете отворени и слушајте

Дозволете им на Вашите деца да зборуваат отворено. Поставувајте и отворени прашања и дознајте колку многу тие веќе се запознаени.

### 2. Бидете искрени

Секогаш искрено одговарајте на нивните прашања. Размислете за тоа колку години има Вашето дете и колку многу ќе може да разбере.

### 3. Поддржувајте ги Вашите деца

Вашите деца може да бидат исплашени или збунети. Оставете им простор да споделат со Вас како се чувствуваат и ставете им до знаење дека Вие сте тука за нив.

### 4. Има многу приказни кои кружат наоколу

Следете ги само проверените информации кои се кажуваат од страна на:

**Министерството за здравство** - http://zdravstvo.gov.mk/korona-virus/

**Институтот за јавно здравје** - http://iph.mk/

## 5. Во ред е да не се знае одговорот

Во ред е да не се знае одговорот на прашањето кое ќе Ви го постави вашето дете, во ред е да се каже „Не знам, ама ќе се обидам да дознаам“, „Не сум сигурен, ама мислам“. Искористете ја оваа прилика за да дознаете нешто ново заедно со Вашето дете.

## 6. Херои не насилници

Објаснете им на децата дека Ковид-19 нема врска со тоа како некој изгледа, од каде доаѓа, како изглед или на кој јазик зборува.

Кажете им на Вашите деца дека треба да сочуствуваме со луѓето кои се болни, како и со оние кои се грижат за нив.

## 7. За крај

Редовно проверувајте дали Вашето дете е во ред. Потсетувајте ги дека Вие сте тука за да се грижите за нив и дека можат да разговараат со Вас во секое време. Потоа направете нешто забавно заедно!

***Извор: Светска Здравствена Организација***

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА